# ДРЖАВЕН СПИН КУП 2026

## „ЛОВ НА РИБИ ГРАБЛИВКИ СО ВЕШТАЧКИ МАМКИ ОД БРЕГ“

**Организатор: Македонска Риболовна Федерација**

**Домаќин: РИБАР 2011**

**Термин на одржување на натпреварот:19.09.2026 и 20.09.2026**
**Алтернативни термини 26.09.2026 и 27.09.2026**

**Категорија: Сениори**

**Конкуренција: Поединечно**

**Место: риболовен ревир река Треска (Скопска)**

Право на учество на натпреварите во организација на МРФ, во поединечна конкуренција имаат сите натпреварувачи регистрирани во здруженија членки на МРФ, кои навремено го извршиле пријавувањето, имаат решение за вршење на дејност спорт од Агенција за млади и спорт, матичното здружение да има уплатена членарина за тековната година на жиро сметка на МРФ најдоцна 7 (седум) дена пред почетокот на натпреварот на кој ќе учествуваат.

Рок за пријавување: 14.09.2026

Рок за достава на документи за спортска легитимација: 14.09.2026

Број на натпреварувачите е ограничен на 20 натпреварувачи.

Сите натпреварувачи мораат да бидат регистрирани спортски риболовци и да поседуваат спортска легитимација со маркица за 2026 година, согласно правилникот за регистрација на МРФ. Нерегистрираните членови немаат право на настап.

Натпреварот ќе трае вкупно 6 часа. Предвиден е улов на риба само од видот пастрмка.

За учество во натпреварот ќе се плаќа котизација од 1500 денари по натпреварувач.

Порибување на стазата за двата натреварувачки дена ќе се изврши во Петок 18.09.2026г.

## ПРОГРАМА

### Сабота, 19.09.2026

**7.30 до 8.00 часот –** Пристигнување на натпреварувачите на река Треска

**8.00 до 8.30 часот –** Ждрепка за позиции за прво коло и подготовка на натпреварувачите

**8.30 до 8.45 часот –** Прв Сигнал – Запознавање со патеката

**9.00 часот –** Почеток на прва рунда од натпреварот – втор сигнал

**9.45 часот –** Крај на прва рунда од натпреварот – трет сигнал

**10.00 часот –** Почеток на втора рунда од натпреварот – четврт сигнал

**10.45 часот –** Крај на втора рунда од натпреварот – петти сигнал

**11.00 часот –** Почеток на трета рунда од натпреварот – шести сигнал

**11.45 часот –** Крај на трета рунда од натпреварот – седми сигнал

**12.00 часот –** Почеток на четврта рунда од натпреварот – осми сигнал

**12.45 часот –** Крај на четврта рунда од натпреварот – деветти сигнал

## Недела, 20.09.2026

Вториот натпреварувачки ден ќе се одвива според истата временска динамика и програмата од првиот ден.

**Напомена:**

На крајот од осмата рунда ќе се изврши прогласување на најдобрите во Државниот спин куп за 2026 година.

За фер и коректно спроведување на натпреварот Македонската риболовна федерација ќе ангажира судии, како и судии волонтери кои ќе им помагаат на судиите и натпреварувачите доколку имаат било каква потреба.

Судискиот колегиум ќе биде дополнително одреден.

Натпреварот ќе биде во еден сектор, со извлекување на позиции за секој натпреварувач одделно. Патеката ја одредува комисија од МРФ.

Да се поднесе до МРФ од страна на Комисија за СПИН натпревари при МРФ.